Арбер Салиху

# Аграрната реформа во Кралството СХС

и нејзиното влијание врз различните делови на земјата



**Клучно прашање**

## Како е спроведувана аграрната реформа и како таа влијаела врз животот на обичните луѓе?

**Цели**

- Критичко разбирање на комплексната природа на минатото
- Разбирање на проблемите на аграрната реформа
- Разбирање на причините и последиците од аграрната реформа

**Очекувани резултати**

- Учениците ќе се запознаат со причините за примена на аграрната реформа
- Споредување на процесот на аграрна реформа во различни делови од земјата
- Анализа на улогата на аграрната реформа врз животот на луѓето
- Проценување на ефикасноста на реформата во општ смисол

90
минути

**Упатство за наставници**

Чекор 1
Вовед

Чекор 2
Групна работа
Наставникот ги дели учениците во три групи:

- Група 1 – ја претставува позицијата на Кралството СХС
- Група 2 – ќе ги оценува причините за аграрна реформа
- Група 3 – ќе проценува како аграрната реформа влијаела врз животот на обичните луѓе

Наставникот им дели извори на сите групи и им доделува упатства и прашања за работа.

Чекор 3
Секоја група ги анализира добиените извори. Секоја група се обидува да даде одговор на добиените прашања. По анализата групите подготвуваат свои заклучоци.

Чекор 4
Секоја група ги претставува резултатите пред останатите. По тоа следи дискусија.

Чекор 5
Наставникот поставува три прашања за отворена дебата:

1. Дали аграрната реформа ја постигнала својата цел?
2. Дали граѓаните биле задоволни од агрармната реформа?
3. Кои се ефектите на аграрната реформа?

Чекор 6
На крајот од часот наставникот изработува табела во две колони, една за позитивните ефекти од реформата, а другата за негативните ефекти на реформата. Учениците по групи одлучуваат кои три ставки ќе ги наведат во секоја од колоните, а водачот на групата ги испишува истите во табелата. Овие заклучоци ќе бидат тема за дискусија помеѓу групите.

| Аграрна реформа во Кралството СХС | |
|---|---|
| Позитивни ефекти | Негативни ефекти |
| 1 | 1 |
| 1 | 1 |
| 1 | 1 |
| 2 | 2 |
| 2 | 2 |
| 2 | 2 |
| 3 | 3 |
| 3 | 3 |
| 3 | 3 |

# Вовед

**Тема**
Аграрната реформа е многу значајно прашање за регионот бидејќи говори за сопственоста над земјата и егзистенцијата на населението.
Во оваа работилница ќе се обидеме да ги претставиме вистинските причини за аграрна реформа и нејзиното спроведување во Кралството СХС, како и нејзините ефекти врз животот на луѓето во различни делови на земјата.

Извор **1**

**Кралството СХС – земјоделска земја**

Кралството СХС била типична аграрна земја. Земјоделството било основна гранка на економијата во сите делови од земјата. Едно од најважните прашања во Кралството СХС било токму аграрното прашање. Различните структури на сопственост над земјата во ралзични делови од државата, како и револуционерното расположение меѓу селаните биле причини кои го оправдувале превземањето на чекори за спроведување на аграрна реформа во Кралството СХС.

Mr. Gordana Drakić
"AGRARNA REFORMA U KRALJEVINI SRBA, HRVATA I SLOVENACA -POJAM I OSNOVNE KARAKTERISTIKE"
FREE LAW JOURNAL – VOL. 3,NUMB 4 (18OCTOBER 2007)
ttp://www.freeworldpublishing.com/ILYV12008.pdf (downloaded April 19, 2013)

Извор **2**

**Структура на поседите во Кралството СХС**




*Zanimanja stanovnistva Kraljevine, prema Lj. Dimic, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije 1918-1941,str. 35*

Извор **3**

**Вработени лица по професии 1931 година**

| Република | Земјодел., шумарство и риболов | Индустрија и занаетчиство | Трговија и банкарство | Јавни служби, слободни професии и војска | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Словенија** | 60,8 | 21,1 | 5,7 | 4,9 | 7,7 | 100% |
| **Хрватска** | 76,3 | 10,7 | 4,3 | 4,2 | 4,5 | 100% |
| **Србија:** | | | | | | |
| **Сентрална Србија** | 79,3 | 8,9 | 3,4 | 4,5 | 3,9 | 100% |
| **Војводина** | 62,0 | 15,2 | 5,7 | 5,2 | 4,7 | 100% |
| **и Косово** | 85,8 | 4,9 | 2,2 | 3,9 | 3,2 | 100% |
| **БиХ** | 84,1 | 6,7 | 3,1 | 3,8 | 2,5 | 100% |
| **Црна Гора** | 78,1 | 5,8 | 3,0 | 8,3 | 4,8 | 100% |
| **Македонија** | 75,1 | 9,4 | 4,1 | 7,0 | 4,4 | 100% |
| **Санџак** | 89,3 | 3,9 | 1,0 | 2,5 | 2,4 | 100% |




/E%$# 5

G$<+$ . ;(.*%$?.''' "-("("'+" (./$(0"?

H$ E!#&=" & L!(" G$!", 2&%8")&="%" (" 2/'$ #&"' ,$&("13". E/'"(&%/ #&'/ ,!/$18,&!"(& 2$ (")&$('"(& & ,"!%&21& ,!"-"." & 2/ #$!/'/ ,!$%&3 3$/(&%/ ,!$K&%/!&, #"!"=@& 7" &B 2/ 7$7/'& :/B=", #":&!"=@& +$ %$" #"!"./ (" $7'81"%" (" H"'7"%" (" E!#&=" $7 1917 +$7&(", 2,$!/7 1$=" Ò2/1$= $($= 1$= 7$#!$3$'($ @/ & 2/ ,!&1'80& (" E!,21"%" 3$=21" 3$ ,!/2%$=(&%/ #&%1&, 3$ :("1 (" ,!&:("(&/ :" ,!&7$(/2$%, @/ 7$#&/ 7$3$'($ $#!"#$%'&3$ :/B=&-%/ 1$/ $3$:B$483" ("2/'83"./Ó. H$ %"13& $,-%/2%3/(& $1$'($2%&, ("=3&2$1&%/ ,!/%2-%"3(&)& (" 3"'2%" 3$ ;!"'2%3$%$ E6E $7'80&'/ 7" ,!/3:/B"% B/!1& 2$ 1$& #& +& 2B&!&'/ 2/'"(&%/. Q" 7" +& ,!&7$#&="% 2/'"(&%/ :" B&!(" ,!$B/(" (" ,$2%$/01"%" 2$,2%3/(&01" 2%!81%8!" (" :/B=&-%/%$, K$!B&!"($ / J!&3!/B/($ (")&$('"($ ,!/%2%"3(&-%3$ 1"1$ #& 2/ ,!&B/(&'/ ,!$B/(&%/ 3$ 2$,2%3/(&01"%" 2%!81%8!", 3$ 21"'7 2$ :"1$($%.

Ratko LjubojeviZ, LAND PROPERTY RELATIONS IN YUGOSLAVIA DURING THE DICTATORSHIP OF KING ALEKSANDAR,
Original scientific paper UDC 32.2.021.8 (497.1)"1918/1941Ò
http://www.megatrendreview.com/files/articles/015/18.pdf (downloaded April 19, 2013)

**Прашања**

1. Зошто владата била заинтересирана за спроведување на реформата?
2. Кои мерки ги превзела владата за спроведување на реформата?

Извор **2**

**Комисија за подготовка на прописи за аграрна реформа**

Прогласот на кралот Александар од 21 декември 1918 година ја нагласува потребата од аграрна реформа. Комисијата ги имала следните постојани членови: Витомир Кораќ, министер за социјални прашања, Др. Живко Петричиќ, министер за земјоделие и Др. Урош Круљ, министер за здравство.
Др. Мехмед Спахо, министер за шумарство и рударство бил поставен за повремен член. Сложеноста на задачата пред комисијата се одразувала во фактот дека аграрната реформа имала политички, општествен и економски карактер. Политичкиот карактер се одледува во намалувањето на политичките тензии.

*Ratko Ljubojević, LAND PROPERTY RELATIONS IN YUGOSLAVIA DURING THE DICTATORSHIP OF KING ALEKSANDAR,Original scientific paper UDC 332.2.021.8(497.1)"1918/1941" http://www.megatrendreview.com/files/articles/015/18.pdf (downloaded April 19, 2013)*

Извор **3**

**Што е кажано (прогласено) за аграрната реформа?**

Кажано е дека реформата е "револуционерна мерка" како процес на транзиција од феудалиам кон капитализам, превземен од државата, со цел издејствување на промени на сопственоста врз земјоделското земјиште.
Малку потоа, на 25 февруари 1919 година, комисијата усвоила нацрт документ под наслов Прописи за подготовка на аграрната реформа. Овој пропис овозможил воспоставување на Државна канцеларија за

## Група 2

**Прашања**

1. Која била целта на експропријацијата на земјиштето? Објасни!

Извор **1**

### Аграрни односи во Југославија

"Никаде и во ниту една држава во Европа немало толку различни, заплетени и тешки аграрни односи како што постоеле во различните краишта на Југославија, кога е завршено обединувањето (...) секоја покраина имала свои специјални аграрни односи".

*http://freeworldpublishing.com/Files/FLJV3N4-Oct2007-2.pdf (downloaded April 19, 2013)*

Извор **2**

### Аграрна реформа и колонизација

"Аграрната реформа и укинувањето на феудалните, полуфеудални и колонизаторски односи биле најбитните економски мерки во воглавно земјоделската држава. Реформата е спроведувана споро и неконзистентно. Земјишниот максимум, кој е поставен на почетокот, постојано растел, (од 57 до 288 хектари). Во голем број на места реформата е игнорирана од различни политички причини или пак затоа што никогаш и не е покрената (на пр. Беговската земја во Косово, Македонија и Санџак била одземена, бидејќи политичкото организирање останато од времето на османската управа било користено за условување на прифаќањето на унитарноста и централизираноста на Уставот). Владата исто така ја користела аграрната реформа за слободно доделување на земја на воените доброволци и на тој начин ја извршувала српската колонизација во Војводина, Славонија, Македонија, Косово и Метохија, а ги дискриминирала националните малцинства. Доделено е преку 1,7 милиони хектари на земја, нарочно земјиште на странски сопственици. Спроведувањето на реформата наидувало на опструкции од сопствениците кои се противеле, нарочно црквата."

*Repe, Božo: Sodobna zgodovina: učbenik za 4. letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007. Page 96.*

Извор **3**

### Сопственост над земјиштето

"Кралството СХС ги укинува феудалните односи со уредбата од 1919 година, а поради проблемот со исплата на надокнада на бившите сопственици, државата извршила попис во 1920 година, со кој сите големи поседи се ставени под надзор на државата. Бившите кметови во БиХ, околу 113.000 семејства примило 775.233 хектари земј, од кои 4.000 биле во сопственост на аги и бегови, а преку 500.000 хектарти биле наменети за одгледување на жито. На Косово и Метохија, во јурисдикција на Рашка и Македонија, 20.547 семејства на кметови добиле право на земја која што ја обработувале.
До крајот на 1936 година околу 350.000 хектари земјиште било одредено за колонизација. Во Македонија, околу 500.000 домашни и колонизирани семејства добило земја од 290.000 турски сопственици и нешто државно земјиште. Во почетокот на дваесеттите години на XX век, Кралството СХС ја зголемила колонизацијата на сиромашни семејства од Краина, Лика, Црна Гора и Херцеговина во Војводина, Косово и делумно во Македонија. Покрај економските, постоеле и политички цели: заштита на несигурните гранизи со Унгарија и Албанија и воспоставување на посакуваниот демографски баланс."

*Bataković, Dušan, Nova istorija srpskog naroda, Beograd, 2000, Pg. 287 and 293.*

Извор **4**

### Колонисти на Косово

Вројот на колонисти кои пристигнале на Косово бил преку 12.000 семејства, вкупно околу 70.000 луѓе, што е повеќе од 10% од популацијата на Косово.

*Obradović Milorad, Agrarna reforma I kolonizacija na Kosovu 1918-1941, Prishtinë, 1981, pg. 221*

Извор **5**

### Трошоците за колонизација и демографски промени

На програмата за колонизација се потрошени големи средства. Трошоците во текот на 1918-1929 година, само во западно Косово изнесувале 10.000.000 динари (околу 180.000 долари во тоа време). Размерите на оваа операција биле огромни во периодот меѓу двете светски војни, повеќе од 200.000 хектари земјоделско земјиште е одземено од нивните сопственици. Ширум Косово имало само 584.000 хектари земјоделско земјиште, а од тоа 400.000 хектари биле ораници.

*Noel Malcom, Kosova një histori e shkurtër, Prishtinë, 1998, pg.293,*

**Група 2**

**Прашања**

1. Која била целта на експропријацијата на земјиштето? Објасни!

Извор **6**

**Територии на секретаријатот за аграрна реформа**

**Легенда**:
Карта на територијата на Врховното поверенство за аграрна реформа во Скопје.
Графички преглед на колонизацијата по срезови од почетокот па до 1941 година, составен врз основа на податоци добиени од сресните начелства кон крајот на 1939 година.

*Jusuf Osmani, Lënda arkivore për kolonizimin dhe reformën agrare në Kosovë 1918-1941, Prishtinë, 1996.*




Извор **7**

**Семејства на колонисти лоцирани на Косово**

| Број на семејства на колонисти лоцирани на Косово, по години | |
|---|---|
| **1919 – 1931** | **1931 – 1941** |
| **5975** | **5588** |

*Obradović Milorad, The agrarian reform and the colonization in Kosovo 1918-1941, Pristine 1981 , prema : AJ, 96-21-71 The statistical data of Kosovo colonization according to years;*

Извор **8**

**Населување на јужните краишта**




Уредбата за населување на јужните краишта, за која и претходно пишувавме, стапува на сила денес. За нејзино извршување, на Министерството за аграрна реформа му е одобрен кредит од 20.000.000 динари. Конечно “толку одолговлекуваното прашање” е симнато од дневен ред. Но и покрај се, интересот кај оние кои сакаа да ги населат овие краишта изгледа дека сосема се намали, судејќи според малиот број на пријави за населување. Исто така ниту бројот на веќе доселени луѓе не е голем, бидејќи изнесува едвам околу 4.400 луѓе. До сега најголем број на луѓе се населени во плодната рамница на Метохија, потоа на Косово и на крајот во кумановскиот и тетовскиот округ. Обидот да се населат гроздоберните области околу Тиквеш и Брегалничкиот округ не успеа поради маларијата која таму е честа и силна. Исто така ниту краиштата населени со чисто арнаутските елемент не можеа да бидат населени. Досегашните доселеници во јужните краишта веќе основале свои земјоделски задруги, кои со претходната уредба беа предвидени. Помош и понатаму ќе им се доделува на задругите во рати од по 100.000 динари, но само под услов доколку добиениот кредит биде потрошен за цели за кои е и предвиден. Во спротивен случај, доделувањето на помош ќе биде прекинато. Исто тоа важи и за новите доселеници кои покрај земјоделските задруги, мораат да основаат и аграрни заедници кои на Министерството за аграрна реформа ќе му ја гарантираат отплатата на доделениот кредит.

*“Politika”, Beograd, 20. 11. 1920*

## Група 3

**Прашања**

1. Дали сите граѓани биле задоволни од реформата? Објасни!

Извор **1**

### Приказната на една стара дама

Приказната на старицата по име Мелика Акбад, која денес има 103 години
"(...) Дојдов во Турција кога имав 7 години. Дојдовме со брод на кој се роди мојата сестра. Кога дојдовме на фармата која ни ја додели државата Турција, се плашевме дека таму ќе мислат дека сме "Шкије" (словени-христијани). Многу патевме затоа што немавме што да јадеме. Мајка ми подготвуваше само јадења од кромид, без сол, масло или зеленчук и така не хранеше, сите три ќерки. На почетокот, државата ни даваше само мала чинија со пченкарно или пченично брашно. Некои од жените останаа без своите сопрузи, затоа што починале или пак затоа што државата ги испратила на различни должности. По некое време, бевме присилени да се иселиме, па три години живеевме во џамија." (...)

http://www.youtube.com/watch?v=mBfPZgvNxXQ&NR=1&feature=endscreen (downloaded November 25, 2012)

Извор **2**

### Аграрна реформа во Хрватска

Една од целите на Хрватска, но и на целото Кралство СХС било заостанатото земјоделство. Причината била големата уситнетост на поседите. Имено, во земјата имаше дури 2.000.000 ситни стопанства со помеѓу 5 и 20 хектари и на кои се користеа многу примитивни орудија – дрвени рала и плугови, значи на ниво од среден век. Државата во 1919 година донесе Претходни одредби за примена на аграрната реформа со кои беше предвидено одземање на дел од поседот и негова поделба на сиромашните селани. Во северна Хрватска поделени се околу 107.000 хектари земјиште на околу 100.000 заинтересирани, но и таа позитивна мерка имаше негативна страна бидејќи земјата е доделувана на политичките приврзаници. Постоеше можност за промена на националниот состав на несрпските краишта. Имено, белградскиот режим своите најжестоки приврзаници ги преселуваше во богатите несрпски краишта. Тоа посебно се однесуваше на т.н. Солунци, српски борци од Првата светска војна, кои во Хрватска добиваа бесплатна земја, додека другите заинтересирани мораа да плаќаат. Аграрната реформа засекогаш ја измени донекаде структурата на економијата во Хрватска, но останаа и големи поседи како и селани без земја.

*Mira Kolar Dimitrijević, Hrvoje Petrić, Jakša Raguž, Povjest IV (Udzbenik iz povjest za 4. razred gimnazije, Meridijan , Samobor 2004, fq. 82*

Извор **3**

### Жалба на еден земјопоседник

Во жалбата на земјопоседникот, бегот Мирален Беговиќ од Дервента, која е испратена во август 1920 година до Министерството за аграрна реформа, се вели следното: Узурпирањето на земјишните поседи зема се поголем замав; имотите се одземаат без наредба, без закон, без овластување, пресуда или одлука, едноставно со физичка сила; узурпаторите притоа неретко беа и поимотни од земјопоседниците. За себе лично Беговиќ вели дека "е лојален, дека го почитува законот и трпеливо чека аграрното прашање законски да се регулира". И тој и неговите претходници биле земјоделци. Неговата земја е рационално обработувана (Во Долна Љубљаница, вкупно 1.300 акри, од што 400 акри бегова земја). На беговата земја има овоштарник со сливи. Беговиќ вели дека"поради лакомост на тамошното население" ја загубил не само кметската, туку и беговската земја, споменувајќи го овоштарникот со сливи. Останал целосно без земја (...) Своите слободно-земјишни поседи, кои селаните на сила ги одземале, тој дел ги наследил од татко му, а овој од својот татко или дедовци, како слободна земја. Доколку деловите од беговска земја биле под кметско право, тие бивши кметови своите права му ги дале на мојот татко и мене и за тоа примиле противвредност во земја и пари (...)".

*Šehić Nusret, Bosna i Hercegovina 1918-1925, Institut za istoiju u Sarajevu, Sarajevo, 1991, 55 i 56; Isto, prez. br. 11033/1920.*

Извор **4**

### Услови за сместување на колонисти

Населувањето доби одредена форма со Уредбата за населување на т.н. "јужни краишта" од 24 септември 1920 година. Со таа Уредба биле одредени земјишта за населување:

1. слободно државно земјиште
2. општинско и селско земјиште во утрина
3. пуста земја и онаа која е напуштена од страна на сопственикот.

При населувањетоколонистите имаа право на бесплатен превоз на сите членови на семејството, стоката и покуќнината. Колонистите имаа право на бесплатно користење на општинските шуми за подигање на куќи, слободна испаша, по селските или општински утрини. Доселениците беа ослободени од плаќање на данок кон државата, округот, срезот и општините во период од 3 години.

*Богданѓ*

Извор **5**

**Семејство од Обровац (Хрватска) колонизирано во Војводина**



Извор **6**

**Споредбени резултати на опфатено земјиште со аграрната реформа**

| Подрачје | површина во хектари | процент од вкупно | Број на семејства кои добиле земја | Просечна површина на добиена земја во хектари |
|---|---|---|---|---|
| **БиХ** | 1.286.227 | 66,9% | 249.580 | 4,71 |
| **Македонија, Косово и Санџак** | 231.099 | 12% | 48.261 | 4,79 |
| **Далмација** | 50.000 | 2,6% | 96.953 | 1,94 |
| **Славонија** | 110.577 | 5,7% | 99.908 | 1,11 |
| **Војводина** | 222.707 | 11,8% | 100.004 | 223 |
| **Словенија** | 23.697 | 1,2% | 19.987 | 1,19 |

*Edin Mutapčić, PRAVNO-HISTORIJSKI KONTEKST AGRARNE REFORME U BiH POSLIJE PRVOG SVJETSKOG RATA http://hrcak.srce.hr/74666 (downloaded November 25, 2012)*